ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:15-277/2**

**Дата:16.02.2015**

**ДО**
**ОПШТИНА КИЧЕВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Кичево за 2013 година.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2008 година на Општина Кичево е извршена во 2011 година, при што е констатирано дека не е постигнат значителен напредок во имплементацијата на препораките.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2013 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е неповолно мислење.

Во Општина Кичево пописот на материјалните средства (градежни објекти и опрема) за 2013 година не е извршен во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, пописните листи не содржат податоци за состојбата искажана во сметководствената евиденција и состојбите утврдени со пописот и не е извршено усогласување на сметководствената состојба со состојбата утврдена со пописот.

За доделените средства на здруженија на граѓани и фондации и трансфери до спортски клубови надлежните од Одделението за образование, спорт и култура не вршат следење на реализацијата на Програмите и немаат изготвено извештаи за реализација на истите, а организациите кои добиле буџетски средства не

доставиле деловни и финансиски извештаи за реализација до надлежен орган на општината.
Исплатените средства за социјална помош на физички лица се на основа на Програма за социјална заштита и заштита на деца со утврдени цели и активности, донесена од советот на општината, но нема утврдени критериуми и постапка за доделување на средствата.

Во текот на ревизијата од страна на субјектот се прифатени и спроведени корекции во Билансот на состојба, кои имаат за ефект зголемување на состојбата на материјалните средства во подготовка и зголемување на обврските спрема добавувачите и обврските по долгорочни кредити.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки до надлежните органи и служби.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Кичево, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2013 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите на сметката на основниот буџет (637) на Општина Кичево за 2008 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба и за усогласеноста со закони и прописи на сметката на основниот буџет (637) на Општина Кичево под 31 декември 2008 година изразено е неповолно мислење, а за резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е изразено мислење со резерва. Во 2011 година е извршена ревизија на имплементација на дадените препораки.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Благоја Деспотоски, градоначалник на Општина Кичево од 27.03.2009 година до 01.04.2013 година
- Фатмир Дехари, градоначалник на Општина Кичево од 02.04.2013 годин.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (637) на Општина Кичево се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија, и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки

зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 16.09.2014 до 07.11.2014 година, кај Општина Кичево на сметката на основен буџет (637) од тим на Државниот завод за ревизија .

**3. Осврт на ревизијата од претходните години-спроведување на препораките**

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2008 година на Општина Кичево, е извршена во месец март 2011 година. За извршената ревизија е изготвен преглед на резултатите од имплементацијата на препораките кој е доставен до одговорното лице на субјектот каде е констатирано дека не е постигнат значителен напредок во имплементацијата на препораките.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија на 16.12.2014 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29-226/4 од 29.12.2014 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2013 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

## 4.1. Интерни контроли

4.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли не обезбедуваат доволно ниво на сигурност да спречат ризик од плаќање по некомплетна, непотврдена документација и почитување на договорените износи и услови за плаќање, што не е во согласност со член 5, 6, 16 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Согласно наведените одредби раководителот на субјектот е должен да воспостави систем на внатрешна контрола, да назначи одговорни лица за ex ante и ex post финансиска контрола обезбедувајќи соодветна поделба на надлежностите и одговорностите. Причините за ваквите состојби се следните:

- иако има пишани процедури за движење на документацијата во кои се дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите и надлежностите при плаќањата на набавени стоки, извршени услуги и работи, истите делумно се применуваат и
- вработениот назначен како одговорен сметководител не потврдува дека расходот е одобрен со буџетот и дека се обезбедени потребните средства за плаќање, што не е во согласност со членот 30 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**Препорака:**

- Градоначалникот на Општина Кичево да преземе мерки за целосна примена на пишаните процедури за движење на документацијата и упатството за финансиско работење и
- Одговорниот сметководител да потврдува со потпис дека расходот е одобрен со буџетот и дека се обезбедени потребните средства, во согласност со законската регулатива.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на направените расходи во вкупен износ од 2.095 илјади денари, кои се однесуваат на Трансфери до невладини организации (трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до спортски клубови) по повод за одржување на различни манифестации. Советот на Општина Кичево има донесено Програми за активностите на општината во областа на културата и спортот, во кои се предвидени манифестациите и носители на истите, како и утврдени финансиски средства за распределба на Здруженија на граѓани и фондации, невладини

организации, спортски клубови и културно уметнички друштва. Од извршениот увид во документацијата ревизијата го утврди следното:

- одговорните лица од Секторот за правни, организациони работи и јавни дејности, Одделението за образование, спорт и култура не вршат следење на Програмите и немаат изготвено извештаи за реализација на истите;
- општината нема објавено јавен повик или објава на веб страната на општината за доделување на финансиски средства;
- организациите кои добиле буџетски средства не доставиле финансиски извештаи за реализација до надлежен орган на општината и
- на веб страната на општината не се објавени организациите кои ги добиле средствата, како и намената за кои се добиени средствата.

Ваквата состојба не е во согласност со член 49 од Закон за здруженија и фондации, и член 22-а од Законот за спортот и создава можност за нетранспарентност во постапката на доделување средства од буџетот на општината.

**Препорака**:

- Секторот за правни, организациони работи и јавни дејности, Одделението за образование, спорт и култура да врши надзор на реализацијата на Програмите и нивно изменување и дополнување, како и да доставува Извештаи за реализација на истите;
- финансирањето на надлежностите во областа на културата, спортот и поддршка на невладини организации да се врши согласно законски пропишаната рамка.

4.2.2. Од позицијата Социјални надоместоци исплатени се средства во износ од 429 илјади денари за социјална помош на физички лица.
Согласно членот 22 од Законот за локална самоуправа, социјалната заштита спаѓа во надлежностите на општината, а истовремено со Законот за социјална заштита во член 11 е уредено дека општините организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита преку донесени сопствени програми кои се одобрени од Министерството за труд и социјална политика.
Исплатените средства се на основа на Програма за социјална заштита и заштита на деца со утврдени цели и активности, донесена од советот на општината, но нема утврдени критериуми и постапка за доделување на финансиски средства, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивно доделување.
Исплатите се извршени врз основа на решенија донесени од градоначалникот, без приложена комплетна документација. За исплатата на средства по овој основ не е пресметан и платен персоналниот данок на доход, што не е во согласност со одредбите од членот 3 од Законот за персонален данок на доход.

**Препорака:**
Надлежните органи, во Програмата за социјална заштита да утврдат критериуми и постапка за доделување на средства за парична помош на физички лица.

**4.3. Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

4.3.1. Во врска со пописот на Општина Кичево извршен со состојба на ден 31.12.2013 година се изврши увид на пописните листи и извештајот за попис при што се констатира следната состојба:

- од страна на пописната комисија во пописните листи наведена е состојба на набавната вредност на градежните објекти во износ од 403.085 илјади денари во колоната за набавна вредност според сметководството, без да биде наведена количина. Во пописната листа не се наведени состојби (количини и набавна вредност) утврдени со попис. Според состојбата од сметководствената евиденција набавната вредност на градежните објекти изнесува 429.940 илјади денари. Помеѓу состојбата искажана во пописните листи и состојбата од сметководствената евиденција се јавува разлика од 26.855 илјади денари, поголема вредност во сметководството од вредноста искажана во пописните листи. Во врска со ваквата состојба од страна на пописната комисија не е наведено дека постои разлика и од што произлегува истата и
- за опремата, со пописот од страна на пописната комисија во пописните листи наведена е состојба на набавната вредност на опремата во износ од 31.654 илјади денари во колоната за набавна вредност според сметководството, без да биде наведена количина. Во пописната листа не се наведени состојби (количини и набавна вредност) утврдени со попис. Според состојбата од сметководствената евиденција набавната вредност на опремата изнесува 24.451 илјада денари. Помеѓу состојбата искажана во пописните листи и состојбата од сметководствената евиденција се јавува разлика од 7.203 илјади денари, поголема вредност искажана во пописните листи од вредноста искажана во сметководството. Во врска со ваквата состојба од страна на пописната комисија не е наведено дека постои разлика и од што произлегува истата.

Во Извештајот од комисијата за извршување на годишен попис за 2013 година на средствата, побарувањата и обврските на Општина Кичеви бр. 03-412/1 од 07.02.2014 година, не се наведени податоци за материјалните средства во смисла на тоа колку е утврдена состојба со пописот, колку е евидентираната состојба во сметководството и евентуална разлика помеѓу овие состојби.

Ваквото постапување не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници (член 21) и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници (членовите 31, 31-а, 31-б, 31-в, 33 и 33-а, 34 и 35) и има за ефект нереално искажување на состојбите во финансиските извештаи (Билансот на состојба) на ден 31.12. 2013 година.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Кичево да презема мерки за извршување на пописот согласно позитивните законски прописи (Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници) и реално искажување на состојбите на средствата и обврските во сметководствената евиденција и финансиските извештаи.

4.3.2. Обврската за плата спрема вработените за 2013 година е искажана во помал износ за 4.320 илјади денари поради непресметана и неевидентирана обврска за плата за месец декември 2013 година што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ефект од тоа се нереално искажани состојби на обврските во сметководството и Билансот на состојба на ден 31.12.2013 година.

**Препорака:**
Обврската за плата за месец декември од тековната година, која вообичаено се исплатува во месец јануари наредната година да се евидентира како обврска за годината за која се однесува и да се искаже во Билансот на состојба.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2. и 4.3. е:
- нецелосно извршен попис на средствата и изворите на средства;
- исплаќање на средства на друштва и здруженија без да се почитува законската процедура и
- исплаќање на средства по основ на социјални надоместоци без утврдени критериуми.

**5. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3.1. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Кичево на ден 31 декември 2013 година и резултатот од финансиските

активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. , активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Кичево, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Прифатени и корегирани неправилности во билансот на состојба од страна на Општина Кичево**

Во фазата на извршување на ревизијата, по укажување на ревизорскиот тим, Општина Кичево изврши корекции во деловните книги, кои се однесуваат на следните позиции:

- зголемување на состојбата на сметката Инвестиции во тек за износ од 29.391 илјада денари со истовремено зголемување, за истиот износ, на состојбата на сметката Пасивни временски разграничувања, за неевидентирани материјални средства во подготовка, пренесени од Општина Осломеј која согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа на РМ (член 16) престанала да постои и е припоена кон Општина Кичево и
- зголемување на состојбата на сметката Активни временски разграничувања за износ од 41.315 илјади денари со истовремено зголемување на состојбата на сметките Обврски спрема добавувачите за износ од 1.451 илјада денари за евидентирање на непрокнижена градежна ситуација за 2013 година и Обврски по долгорочни кредити за износ од 39.864 илјади денари за евидентирање на искористени средства од кредит со Министерство за финансии на Република Македонија, одобрен од Меѓународна банка за обнова и развој.

Скопје, 09.02.2015 година

ОПШТИНА КИЧЕВО

**Сметка на основен буџет (637)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 **година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | 2013 | 2012 |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 221.422 | 138.536 |
| **Вкупно приходи** | | 221.422 | 138.536 |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 51.174 | 32.933 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 123 | 546 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 45.315 | 34.795 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 84 | 64 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 22.047 | 9.376 |
| Социјални бенефиции | 3.2.6. | 429 | 187 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 119.172 | 77.900 |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 102.250 | 60.635 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 102.250 | 60.635 |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | 221.422 | 138.536 |

**ОПШТИНА КИЧЕВО**
**Сметка на основен буџет (637)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања | 4.1.1. | 32 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 107.212 | 79.905 |
| **Вкупно тековни средства** | | **107.244** | **79.905** |
| | | | |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 658 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 347.008 | 230.306 |
| **Вкупно постојани средства** | | **347.666** | **230.306** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **454.910** | **310.211** |
| | | | |
| **Вонбилансна евиденција - Актива** | **4.3.** | **51.465** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.4.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 80.998 | 52.429 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.4.2. | 1.790 | 1.776 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.4.3. | 24.178 | 25.700 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.4. | 53 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.4.5. | 193 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.6. | 690 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **107.902** | **79.905** |
| | | | |
| **Извори на средства** | **4.5.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 347.008 | 230.306 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **347.008** | **230.306** |
| | | | |
| **Извори на други средства** | **4.6.** | | |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **454.910** | **310.211** |
| | | | |
| **Вонбилансна евиденција - Пасива** | **4.7.** | **51.465** | **0** |

ОПШТИНА КИЧЕВО

**Сметка на основен буџет (637)**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2013 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2013 година** | **230.306** | **230.306** |
| **Зголемување по основ на:** | | |
| Набавки | 10.333 | 10.333 |
| Останати зголемувања (пренос на состојби со припојување на Другово, Вранештица, Зајас и Осломеј кон Општина Кичево) | 173.449 | 173.449 |
| **Намалување по основ на:** | | |
| Амортизација | 14.798 | 14.798 |
| Останати намалувања (за отстапено возило на ЈП Комуналец Кичево | 817 | 817 |
| Намалување за извршен пренос на градежни објекти - улици и патишта на вонбилансна евиденција) | 51.465 | 51.465 |
| **Состојба 31.12.2013 година** | **347.008** | **347.008** |